# Хашката конвенција за признавање и извршување на странски судски пресуди од 2019 година – потреба или желба ?

Проф. д-р Илија Руменов

# Патот до НССН Конвенција од 2019 година и регионот на ЈИЕ

### ФАЗА I

НССН Конвенција од 1971

- Само 5 држави (Албанија)
- - Невообичаена и комплексна
- - Појавата на Бриселската Конвенција и Конвенцијата од Лугано

### ФАЗА II

Почетокот на новата конвенција во 1992 година (двојна конвенција)

### ФАЗА III

НССН Конвенција од 2005 година за избор за надлежен суд

### ФАЗА IV

На 02.07.2019 година на 22 сесија на НССН беше донесена НССН Конвенција од 2019 година

### ФАЗА V

Интерес на регионот на Југоисточна Европа за овој инструмент

- Регионалниот форум одржан во Скопје 2022 година

### ФАЗА VI

- Пристапување на ЕУ
- Потпишување на МКД 2023

- Пристапување на регионот на ЈИЕ

Развојот на НССН Конвенција од 2019 година за признавање и извршување на странски судски пресуди претставува симболика на еволутивниот пристап на НССН за постепено прилагодување на значајните аспекти на новото време со разбирање на минатото и визија за иднината!

# Механизмот предвиден со НССН Конвенција од 2019 година

01

ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА
– Признавање и извршување на странски судски пресуди
- Граѓанска и трговска материја

02

ЈУРИСДИКЦИОНИ ФИЛТРИ
- Индиректна надлежност
- Исклучиви јурисдикциони филтри
- Неисклучиви јурисдикциони филтри

03

УСЛОВИ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ
- Стандардни услови за признавање и извршување



# Подрачје на примена на Конвенцијата и компатибилноста со ЗМПП

| Конвенцијата | ЗМПП 2020 |
|---|---|
| **Материјално подрачје на примена:**<br>„...граѓански и трговски работи...“ | **Материјално подрачје на примена:**<br>„...приватноправните односи со меѓународен елемент...“ (чл.1) |
| | ...личните (статусните), семејните, работните, имотните и други материјално-правни односи со меѓународен елемент (ЗМПП 2007) |
| Исклучоци од материјалното подрачје на примена – чл. 3 | |
| **Територијално подрачје на примена:**<br>„признавање и извршување на пресуда во една држава членка, што е донесена во постапка во друга држава членка...“ | **Територијално подрачје на примена:**<br>- Што е странска судска одлука:<br>    - Судска одлука на странска држава<br>    - Судско порамнување<br>    - Одлука на други органи (чл.157)<br>- Странската судска одлука се изедначува и произведува правно дејство само ако е признаена (чл.158) |

# Јурисдикциони филтри (чл. 5 и 6)



### Околности поврзани со тужениот
- Вообичаено престојувалиште
- Главно место на работење (физички лица)
- Пресуда против тужителот
- Подружница, застапништво или друга деловна единица

### Согласност за надлежноста на судот на потекло
- Изречна согласност дадена во текот на постапката
- Премолчна согласност
- Неисклучив избор на надлежен суд

### Поврзаност на тужбеното барање и судот на потекло
- Договорни односи
- Договорни обврски обезбедени со недвижност
- Вондоговорни односи
- Трастови, Противтужби
- Потрошувачки договори и договори за вработување

### Исклучива индиректна надлежност
- Недвижности

## Самостојност на критериумите

Доволно е исполнување на било кој од овие критериуми за да се смета дека пресудата ги „проаѓа“ јурисдикционите филтри.
Исполнувањето на јурисдикционите филтри е неповрзано со начинот на кој судот на потекло ја засновал својата надлежност.

# Јурисдикционите филтри на Конвенцијата и компатибилноста со ЗМПП

| Конвенцијата | ЗМПП 2020 |
|---|---|
| **1. Вообичаеното престојувалиште** на лицето против кого е поднесен предлогот за признавање и извршување во моментот кога станало странка на постапката било во државата на потекло на пресудата (Чл. 5(1)(a)) | 1. Надлежност на судот на Република Северна Македонија постои ако тужениот е:<br>1) физичко лице кое има живеалиште или вообичаено престојувалиште во Република Северна Македонија или<br>2) правно лице со седиште во Република Северна Македонија (чл. 110) |
| 2. Физичкото лице против кого е поднесен предлогот за признавање имало **главно место на работење во државата на потекло** (Чл. 5 (1)(b)) | 2. вообичаеното престојувалиште на физичките лица кои вршат трговска дејност се определува согласно чл. 75 и 87 (чл.6)<br>- Вообичаеното престојувалиште на физичкото лице кое врши професионална или трговска дејност е во неговото главно место на работење. (чл.75 и 87) |
| 3. Пресудата е против тужителот | / |

# Јурисдикционите филтри на Конвенцијата и компатибилноста со ЗМПП

| Конвенцијата | ЗМПП 2020 |
|---|---|
| **4. Тужениот имал подружница, застапништво или друга деловна единица во државата на потекло** и побарувањето произлегува од активностите на подружницата, застапништвото или деловната единица (Чл. 5(1)(d)) | 4. Судот на Република Северна Македонија е надлежен и за спорови кои произлегуваат од работа на подружница, застапништво или друга деловна единица на тужениот, која се наоѓа во Република Северна Македонија, кога тужениот нема седиште во Република Северна Македонија (чл.149) |
| 5. Тужениот **изречно се согласил** на надлежноста на судот на потекло во текот на постапката (Чл. 5 (1)(e)) | 5. Странките можат да се спогодат за надлежноста за веќе настанат спор или спор кој може да настане (чл.122 и 123)<br>- Мора да се земе во предвид НССН 2005 |
| 6. **Тужителот се впуштил во расправа по главната работа пред судот на потекло без да ја оспори надлежноста** во рок предвиден во државата на потекло, освен доколку не е очигледно дека приговорот за ненадлежност би бил неуспешен (Чл. 5 (1)(f)) | 6. Се смета дека тужениот дал согласност за надлежност на судот на Република Северна Македонија, ако:<br>1) поднел одговор на тужбата или приговор против платниот налог, а не ја оспорил надлежноста на судот или<br>2) се впуштил во расправа по главната работа, а не ја оспорил надлежноста на судот на подготвителното рочиште, односно кога такво рочиште не е одржано, на првото рочиште за главна расправа.<br>3) поднел противтужба (чл.125) |

# Јурисдикционите филтри на Конвенцијата и компатибилноста со ЗМПП

<table>
<tr><th>Конвенцијата</th><th>ЗМПП 2020</th></tr>
<tr><td>7. Пресудата е донесена од страна на суд определен врз основа на договор помеѓу странките, но што не е исклучиво избран (Чл. 5(1)(m))</td><td>7. Надлежноста на судот на Република Северна Македонија од ставот (1) на овој член е исклучива, освен ако странките поинаку не се спогодиле. (чл.122 ст.(2))<br>- Мора да се земе во предвид и НССН 2005</td></tr>
<tr><td>8. Пресудата се однесува на договорен однос донесена од суд на држава каде се исполнила обврската или требало да се случи исполнувањето на обврската согласно: 1) договорот на странките; или 2) меродавното право на договорот<br>- Исклучок доколку дејствијата на тужениот во однос на договорниот однос не создаваат сериозна поврзаност со таа држава (Чл. 5 (1)(g))</td><td>8. Судот на Република Северна Македонија е надлежен за спорови од договорни односи и кога предмет на спорот е обврска која треба, односно која би требало да се исполни во Република Северна Македонија.<br>- Квалификација на „место на исполнување на обврска“ кај договор за продажба на стоки и договор за давање на услуги:<br>- Договор за продажба на стоки – стоката била испорачана или треба да е испорачана во МКД<br>- Договор за услуги – услугата е дадена или требало да биде дадена во МКД (чл.145)</td></tr>
</table>

# Јурисдикционите филтри на Конвенцијата и компатибилноста со ЗМПП

| Конвенцијата | ЗМПП 2020 |
|---|---|
| 9. **Пресудата е донесена против туженоит во врска со договорен однос обезбеден со недвижност која се наоѓа во државата на потекло,** доколку тужбеното барање од договорниот однос било поднесено заедно со тужбата против истиот тужен во однос на правото на недвижност (Чл. 5 (1)(i)) | 9. (1) Ако судот на Република Северна Македонија е надлежен да решава за едно од повеќето поднесени барања, е надлежен да решава и за останатите барања, доколку тие се поврзани со барањето за кое судот е надлежен.<br>(2) Барањата се поврзани доколку помеѓу нив постојат врски кои се толку блиски што е оправдано за нив заеднички да се постапува и одлучува, а за да се избегне донесување на противречни одлуки во одвоени постапки. (чл.112) |
| 10. **Пресудата се однесува на вондоговорна обврска** настаната од смрт, физичка повреда, штета или загуба на материјални добра, и дејствието или пропуштањето на дејствието кое директно ја предизвикала повредата се случило во државата потекло, независно од тоа каде се случил настанот. (чл. 5(1)(j)) | 10. Судот на Република Северна Македонија е **надлежен во спорови од вондоговорни обврски** и ако во Република Северна Македонија се случил или можел да се случи настанот од кој произлегува штетата. (чл.148) |

# Јурисдикционите филтри на Конвенцијата и компатибилноста со ЗМПП

| Конвенцијата | ЗМПП 2020 |
|---|---|
| 11. **Пресудата се однесува на полноважност, форма, последици, управување или измена на траст** (Чл. 5 (1)(k)) | 11. / |
| 12. **Пресудата се однесува на противтужба:**<br>- Доколку е во полза на подносителот на противтужбата, а истата произлегла од истиот настан поврзан со тужбата<br>- Доколку е против подносителот на противтужбата под услов подносителот на противтужбата согласно правото на државата на потекло да бил приморан да поднесе противтужба со цел да избегне преклузија (чл. 5(1)(l)) | 12. Судот на Република Северна Македонија е надлежен и за противтужба, доколку барањето од противтужбата е во врска со тужбеното барање (чл.113) |

# Јурисдикционите филтри на Конвенцијата и компатибилноста со ЗМПП

| Конвенцијата | ЗМПП 2020 |
|---|---|
| 13. **Пресудата се однесува на потрошувачки договор или договор за вработување**<br>- **Во однос на изречниот избор за надлежен суд –** доколку согласноста е дадена пред судот, усно или писмено<br>- **Не се применува премолчната согласност, местото на извршување на договорот и неисклучивата пророгација** (Чл. 5 (2)) | 11. Чл. 146 и чл. 147 не се компатибилни поради рестриктивноста на чл. 5(2) од НССН 2019 Конвенција<br>- Во ЗМПП во однос на овие договори живеалиштето на потрошувачот/работникот е јурисдикционен критериум |
| 14. **Пресудата во врска со недвижност ќе биде признаена само доколку е донесена од судот каде недвижноста се наоѓа (чл.6)** | Судот на Република Северна Македонија е исклучиво надлежен за спорови за стварни права на недвижности, вклучително и за спорови настанати од закуп на недвижности, ако недвижноста се наоѓа во Република Северна Македонија (чл.141) |

# Услови за признавање согласно НССН Конвенција од 2019 година

**Член 7**

НССН 2019 Конвенција

**ПРАВО НА ОДБРАНА**
- Тужбата и другите акти не биле доставени на туженион во соодветно време
- Му биле доставени на неприкладен начин

**ЈАВЕН ПОРЕДОК**
- Јавен поредок
- Измама

**ПОВРЕДА НА ПРОРОГАЦИЈАТА НА СУД**
-Не била испочитувана пророгационата спогодба

**ПАРАЛЕЛНИ ПОСТАПКИ**
- Постои пресуда донесена од замолениот суд
- Постои пресуда на некој трет суд која претходно е признаена
- Се води постапка пред замолениот суд

# Услови за признавање на Конвенцијата и компатибилноста со ЗМПП

| Конвенцијата | ЗМПП 2020 |
|---|---|
| **1. Признавањето ќе биде одбиено доколку**<br>- Тужбата не била доставена до тужениот и не му било оставено доволно време да ја подготви одбраната освен доколку не се впуштил во расправа без да истакне приговор, доколку таков приговор е возможен во државата на потекло<br>- Му била доставена тужбата на неприкладен начин во однос на основните принципи на достава на замолената држава (Чл. 7 (1)(a)) | 1. Судот на Република Северна Македонија ќе го одбие признавањето на странската судска одлука, ако една од странките докаже дека:<br>1) поради неправилности во постапката, не можела да ги истакнува своите средства за одбрана или<br>2) поканата, тужбата или решението со кое е започната постапката не и биле лично доставени, односно дека воопшто немало ниту обид за лична достава, освен ако на кој и да било начин се впуштила во расправање за главната работа во првостепената постапка или<br>3) не и било оставено доволно време за подготвување на својата одбрана од моментот на доставување на тужбата до закажувањето на расправа (чл.164) |
| 2. Признавањето или извршувањето ќе биде одбиено доколку:<br>- **Пресудата била прибавена со измама**<br>- **Признавањето би било очигледно во спротивност со јавниот поредок на замолената држава вклучително и процесна правичност и повреди на безбедноста и суверенитетот на таа држава** (Чл. 7 (1)(b)(c)) | Странската судска одлука нема да се признае, ако дејството на нејзиното признавање очигледно е во спротивност со јавниот поредок на Република Северна Македонија (чл.163) |

# Услови за признавање на Конвенцијата и компатибилноста со ЗМПП

| Конвенцијата | ЗМПП 2020 |
| --- | --- |
| **3. Признавањето ќе биде одбиено доколку**<br>- е во спротивност на пророгационен договор со кој е превидена избрана надлежност на суд различен од судот на потекло (Чл. 7 (1)(d)) | 3. Странска судска одлука нема да се признае ако во односната работа постои исклучива надлежност на суд или на друг орган на Република Северна Македонија, освен доколку со овој закон на странките им е дозволено да поведат постапка пред странски суд за одреден спор за кој е предвидена исклучива надлежност на суд на Република Северна Македонија(чл.160) |
| 4. Признавањето или извршувањето ќе биде одбиено доколку:<br>- Постои пресуда донесена од замолениот суд помеѓу истите странки<br>- Постои пресуда на некој трет суд која претходно е признаена (исти странки - иста правна работа)<br>- Се води постапка пред замолениот суд и прво е поведена постапката пред замолениот суд и постои значајна врска помеѓу спорот и државата на потекло<br>- (Чл. 7 (1)(f) and 7(2)) | 4. 1) Странската судска одлука нема да се признае ако во истата работа суд или друг орган на Република Северна Македонија донел правосилна одлука или ако во Република Северна Македонија е признаена некоја друга странска судска одлука што е донесена во истата работа и меѓу истите странки.<br>2) Судот ќе запре со признавањето на странската судска одлука ако пред суд на Република Северна Македонија е во тек порано поведена парница во истата работа и меѓу истите странки и тоа до правосилното завршување на таа парница.(чл.162) |

# Ви благодарам на вниманието!